# Древни адвокати

**Повод:**
**текстот "Што прави МСУ со времето, просторот и парите"**


Што прави МСУ со времето, просторот и парите?

Пишува:
Златко Теодосиевски

Во овој значаен миг навистина е глупаво да се троши време за "расправи" со некакви и нечии древни адвокати, а како што тргнале работите, на страниците на ЗУМ ќе се изреди цел МСУ! Но, барем малку "се размрдаа"! Тогаш, ајде со ред:

1. Не знам од каде идејата за мое неконтактирање (?) со МСУ и дека тоа толку сериозно се евидентира. Еве, од следниот први во месецот ќе ви се јавувам секое утро.

2. На крај на памет не ми било да ја ставам под сомнеж целокупната активност на Музејот. Напротив, а тоа сум го правел и на овие страници, за многу (добри) активности сум пишувал позитивно. Но, ако нешто е лошо - лошо е и тука не правам компромиси.

3. Сега, за "концептот"! Каде во вашиот "концепт" објаснувате зошто е земена токму 1966 година, а не 1967 или 1968? Или, можеби, вие го знаете точниот датум на крајот на модерната во Македонија, или пак - така ви се сони?! А зошто пак почетокот да биде во 1927 година, а не во 1911 година со Ефтим Андонов, за кого веројатно не сте ни чуле?!

4. За маргините! Велите дека не сте вклучиле автори (што јас ги посочив) зашто "се на маргините на модерната уметност во Македонија". Каде и кога сте го проучиле и напишале тоа? А зошто тогаш нивни дела се наоѓаат во депоата на МСУ? Значи ли тоа дека МСУ е Музеј (и) на маргинални автори?

5. За навредите! Вашиот текст, за разлика од мојот, врие од навреди. Но, тоа е одраз на вашата култура и јас тука не можам ништо да сменам. Ако пак мојот (еден) употребен израз "вергла" бил повод за вашиов излив на малограѓанштина, еве објаснение: овој израз можев да го заменам со неколку други (постојано повторува, настојчиво говори и слично), но сите тие не ја одразуваат суштината. За разлика од нив, зборот вергла (кој, патем, не е уличен жаргон, ама вие тоа не можете да го разберете!) упатува на континуирана дисхармонија, на перпетуум-мобиле со три (погрешни) тонови !

6. Впрочем, вие самите тоа го докажавте со изложбата, каде што претставувате автори чие творештво нема ама баш никаква врска со нивниот престој во Париз. Ви наведов неколку примери што вие, демек "мудро", ги - премолчувате!!! Можам да ви наведам уште повеќе - барем за половината застапени на "изложбата" - ама за тоа треба поголем простор!

7. Зошто сум прашал: зошто ваква изложба? А зошто вие не го наведовте во каталогот сето тоа што сега го пишувате? Ве мрзеше, ви беше тешко...? Или публиката треба да оди кај гатачка пред да доаѓа на ваши "изложби"? Ако пак Францускиот културен центар е задоволен со неа, јас немам ништо против. Нека им е со среќа! Само не знам од кога странски културни центри нарачуваат проекти во национални институции? А зошто вие, како големи стручњаци, не нарачате таков проект во Лувр, па они нека истражуваат и работат малку за нас?

8. На крајот, никако не ќе можете да ме убедите дека сериозен проект може да се сработи со текст од пред осум години. Цели осум години никој и ништо дополнително не истражи, не напиша, не проучи, не прочита...??? Па и Библијата се толкува до ден-денешен!

9. Конечно, молам да престанеме со "расправава" зашто ќе морам да напишам и работи што едноставно не сакам да ги напишам. А, впрочем, имам и попаметни работи!